Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД
СУ-04.бр.138/23
29.12.2023 год.
ШТИП

Претседателот на Основниот суд во Штип Ацо Тасев, согласно чл.112 од Судскот деловник (Сл.Весник на РМ бр.66/13) и чл.88 ст.3 и чл.39 ст.4 и 5 од Законот за судовите (Сл.весник на РМ бр.58/06), имајќи го во предвид видот и обемот на работата на судот, а по претходно прибавено мислење од седницата на судии од 15.12.2023 година, на ден 29.12.2023 година го донесе следниот:

# Р А С П О Р Е Д
## За работата на Основниот суд во Штип за 2024 година

**1.**Претседателот на судот ќе ги извршува работите и работните задачи за кои е надлежен согласно Законот за судовите, Законот за судскиот совет, Закон за судска служба, Законот за органите на управата, Судскиот деловник и актите на судот.

**2.** Судскиот администратор ќе ги извршува работите и работните задачи за кои е надлежен согласно Законот за судска служба, Судскиот деловник и актите на судот.

**3.** Согласно чл.88 ст.4 од Законот за судовите в.в. со чл.33 до ЗИД на истиот закон (Сл.весник бр.150/10), за заменик на Претседателот на судот се определува судијата Ѓорѓи Андонов.

**4.** Согласно чл.88 ст.5 и чл.91 од Законот за судовите и чл.112 од Судскиот деловник, работата во Основниот суд во Штип за 2024 година ќе се организира во два судски оддели и тоа: Кривичен и Граѓански.

Во кривичниот оддел спаѓаат: кривични предмети спрема полнолетни и малолетни лица, предмети на кривичен совет, притвори, предмети од надлежност на судија за претходна постапка, извршување на кривични санкции, прекршочни предмети и прекршочно извршни предмети, како и други предмети кои согласно Судскиот деловник и АКМИС припаѓаат во тој оддел.

Во граѓанскиот оддел спаѓаат: стечајни предмети, спорови од мала вредност, имотни спорови, облигациони спорови, клевета и навреда, семејни спорови, работни спорови, платни налози по предлог и приговор, физичка делба, останати вонпарнични предмети, мерки за обезбедување на докази, разни вонпарнични предмети, разни парнични предмети, приговори против

неправилности во извршувањето, предлози против извршување, извршување по закон за семејството, предмети по предлог за изрекување мерки за заштита од семејно насилство, и сите други предмети согласно Судскиот деловник и АКМИС кои припаѓаат на овој оддел.

Претседател на Кривичниот оддел ќе биде судијата Ацо Тасев, кој воедно се определува и за судија за следење на судската пракса во овој оддел.

Претседател на Граѓанскиот оддел ќе биде судијата Маја Џорлева, која воедно се определува и за судија за следење на судската пракса во овој оддел.

Претседателите на одделите се задолжуваат да ги применуваат одредбите од Законот за судовите и Судскиот деловник, како и да превземат и вршат работи кои се од значење за правилно и ефикасно функционирање на одделите и на секои два месеци до Претседателот на судот да достават писмена информација за функционирање на одделите. Претседателите на одделите се задолжуваат таму каде ќе се вршат измени во постапувањето по предметите, да ги превземат сите законски активности за да се спроведе овој распоред за работа.

**5.** Во Основен суд Штип во Кривичниот оддел ќе работат судиите: Ѓорѓи Андонов, Јулијана Недкова, Невена Перица, Олгица Павловска, Марина Здравкова и Ацо Тасев.

**6.** Во Основен суд Штип во Граѓанскиот оддел ќе работат судиите: Маја Џорлева, Мери Гичева, Анита Јорданова, Александар Цацков, Емил Пилатов и Тодор Поп-Панев.

**7. Распоред за работа на судиите во кривичниот оддел**

**7.1.** По предмети заведени во уписниците К, К-ПОВ, КСМ, КР (освен казнена и кривична евиденција) и КП како судии-поединци и претседатели на кривичните совети ќе постапуваат судиите: Ѓорѓи Андонов, Јулијана Недкова и Невена Перица.

По предмети заведени во уписникот УО ќе постапуваат судиите: Јулијана Недкова, Невена Перица и Ѓорѓи Андонов.

По предмети заведени во уписникот КС-КР ќе постапуваат судиите: Ѓорѓи Андонов, Јулијана Недкова и Невена Перица.

По предмети од уписникот К-ООА како судија – поединец и претседател на кривичен совет ќе постапува судијата Ацо Тасев.

По предмети од уписниците КС и КСП како претседатели на кривичен совет ќе постапуваат судиите Олгица Павловска и Марина Здравкова.

Судијата што, согласно распоредот за дежурство на судиите од кривичниот оддел, постапува како судија на претходна постапка или како претседател на совет по предмети од уписниците КС и КСП и при тоа се определи или се продолжи притвор, ќе постапува по предметот за продолжувањето на мерката притвор се додека постојат законски услови во иднина за тоа, а такво постапување по однос на постапување за продолжување на притвор ќе важи и за членовите на советот – судии од граѓански оддел согласно овој распоред.

**7.2.** Членови на кривичен совет (чл.25 ст.5 од ЗКП) за предмети од уписниците К-ПОВ, КС-КР, КП и УО ќе бидат судии – членови на кривичниот оддел за кои нема законски пречки да постапуваат по тие предмети, а за предмети од останатите уписници за членови на кривичен совет (чл.25 ст.5 од ЗКП) ќе бидат судии од граѓански оддел и тоа по овој редослед:

- судиите Александар Цацков и Маја Џорлева за месец Јануари 2024 година,
- судиите Емил Пилатов и Анита Јорданова за месец Февруари 2024 година,
- судиите Мери Гичева и Тодор Поп-Панев за месец Март 2024 година,
- судиите Александар Цацков и Маја Џорлева за месец Април 2024 година,
- судиите Емил Пилатов и Анита Јорданова за месец Мај 2024 година,
- судиите Мери Гичева и Тодор Поп-Панев за месец Јуни 2024 година,
- судиите Александар Цацков и Маја Џорлева за месец Јули 2024 година,
- судиите Емил Пилатов и Анита Јорданова за месец Август 2024 година,
- судиите Мери Гичева и Тодор Поп-Панев за месец Септември 2024 година,
- судиите Александар Цацков и Маја Џорлева за месец Октомври 2024 година,
- судиите Емил Пилатов и Анита Јорданова за месец Ноември 2024 година,
- судиите Мери Гичева и Тодор Поп-Панев за месец Декември 2024 година.

Започнатите предмети, вклучително и постапки како продолжување на притвор и др., во кои членовите на советот учествувале во процесни дејствија ќе бидат завршени во истиот состав на кривичниот совет, доколку постојат законски услови за тоа, и по завршувањето на месецот за кој се распоредени како членови на кривичниот совет судиите од граѓанскиот оддел.

Распоредот за членови на совет може да биде изменет со одлука на Претседателот, а доколку некој судија – член на советот е спречен да постапува, во тој случај ќе постапува следниот судија – член на совет согласно овој распоред. При тоа, под спреченост се подразбира неможност судија да учествува во постапување од различни причини, а околностите ќе се ценат од случај до случај, за што ќе се изготвува соодветна службена белешка или изјава, а онаму каде по закон е потребно ќе се поднесе и барање за изземање, вклучително и согласно чл.178 ст.2 од Судскиот деловник каде и претседател на кривичен совет ќе може да поднесе барање за изземање на судија заради непречено постапување на кривичниот совет. При ова особено да се внимава на законските рокови и итноста во постапувањето.

**7.3** Судија како член на судечки совет составен од двајца судии и тројца поротници ќе определува Претседателот на судот со одлука за секој предмет поединечно, имајќи го предвид, пред се, горе наведениот распоред за судии во кривичен оддел и потребата од специјализација при постапувањето по вид на предмети, а доколку постои причина и спреченост како член на советот да не може да биде определен судија од кривичниот оддел, како член ќе се определи

судија од граѓанскиот оддел, при што ќе се има предвид следствено распоредот за членови на кривичен совет од редот на судиите од граѓанскиот оддел, како и рамнонерното распоредување по број на учества во таков совет.

**7.4.** За судија на претходна постапка се определуваат судиите Ѓорѓи Андонов, Јулијана Недкова и Невена Перица, кои ќе постапуваат во сите предмети од надлежност на судијата на претходна постапка предвидени со закон и Судскот деловник и по предмети заведени во уписниците УОСК, КНЗД, ЗАМ-К, К-ПП, ОИД, КРП, КУЗЛС и тоа во следните периоди:

- Судијата Невена Перица ќе постапува како судија на претходна постапка во периодот од 01.01.2024 година заклучно со 30.04.2024 година, судијата Ѓорѓи Андонов ќе постапува како судија на претходна постапка во периодот од 01.05.2024 година заклучно со 31.08.2024 година, а судијата Јулијана Недкова ќе постапува како судија на претходна постапка во периодот од 01.09.2024 година заклучно со 31.12.2024 година.

Во случај на спреченост за постапување како судија на претходна постапка, замена за судијата Невена Перица ќе биде судијата Ѓорѓи Андонов, замена за судијата Јулијана Недкова ќе биде судијата Невена Перица, а замена за судијата Ѓорѓи Андонов ќе биде судијата судијата Јулијана Недкова, а доколку тоа не е можно и постои спреченост на замената, за замена ќе одлучува Претседателот на судот.

Доколку друг судија, согласно распоредот за работа и за дежурства на судиите од кривичен оддел, го превземе првото процесно дејствие од уписникот К-ПП, истиот ќе постапува како судија на претходна постапка до завршување на таа претходна постапка, без оглед дали постапува како судија на претходна постапка или не согласно овој распоред.

Судијата на претходна постапка ќе постапува како таков и вон работно време во период Понеделник-Петок секоја седмица, а останатите судии од кривичниот оддел ќе постапуваат како судии на претходна постапка во останатите денови (за време на викенд) како дежурни судии, сето ова согласно месечен распоред за дежурства донесен од претседателот на судот.

**7.5.** По предмети заведени во уписниците ПРК-Ј, ПРК-О, ПРК-С и ПРК-Р ќе постапуваат судиите Олгица Павловска и Марина Здравкова.

По предмети заведени во уписникот ПРК-ПОВ ќе постапуваат судиите Ѓорѓи Андонов, Јулијана Недкова и Невена Перица.

По предмети од уписникот ПРКР (барања за податоци од прекршочна евиденција), како и уписник КР (казнена и кривична евиденција) ќе постапува судијата Марина Здравкова.

**7.6.** По предмети заведени во уписниците КМ, КРМ, КПМ, УО-КМ, ПРКМ ќе постапува судија Марина Здравкова.

**7.7.** Како судии за извршување на санкции, по предмети (веќе заведени и нови) од уписниците КУИКП, КУИКМ, ИКП, ИПРК, ПК, ИСАМ, ИОИП и ЕК ќе постапува судијата Олгица Павловска.

Доколку постои спреченост на судија од кривичниот оддел да постапува како судија-поединец или претседател на совет по предмет согласно горе

наведениот распоред, предметот ќе се распредели со автоматска прераспределба на предмети во АКМИС системот согласно овој распоред, следствено најпрвин според уписник, а доколку тоа не е можно, тогаш по оддел, а доколку постои спреченост на сите судии од кривичниот оддел, автоматската распределба на предметот во АКМИС системот ќе се направи со тоа што во неа ќе бидат вклучени сите судии на граѓанскиот оддел.

## 8. Распоред за работа на судиите во граѓанскиот оддел

**8.1.** По предмети заведени во уписниците П1, П2, П3, П4, ППОВ, МВПОВ, МАЛВП и РП ќе постапуваат судиите Александар Цацков, Мери Гичева и Анита Јорданова.

**8.2.** По предмети заведени во уписникот П5 ќе постапува судијата Анита Јорданова.

**8.3.** По предмети заведени во уписниците ВПП, ПСО-1, РПП, ВПП1, ВПП2, РСВЗРГ, ОДС, ПОВ-ВПП, О-НАД, О1 и ЗНД ќе постапуваат судиите Александар Цацков, Мери Гичева и Анита Јорданова.

Судијата Мери Гичева не постапува по предметите ПСО-1.

Членовите на совети во предмети од наведените уписници, каде по закон е нужно, ќе се определуваат соодветно согласно распоредот за членови на кривичен совет од точка 7.2. на овој распоред.

**8.4.** По предмети заведени во уписникот ППНИ кои не се во надлежност на Претседател на суд, како и по предмети заведени во уписниците ИПК и ПИ ќе постапува судијата Маја Џорлева, а по предмети заведени во уписникот ППНИ кои согласно закон се во надлежност на претседател на суд бидејќи содржат и барање за одлагање на извршување, како и по предмети заведени во уписникот ИДС, ќе постапува Претседателот на судот.

Во случај на спреченост за постапување на судијата Маја Џорлева, ново заведен предмет од наведените уписници ќе се распредели со автоматска распределба во АКИМС системот согласно овој распоред на судии од граѓанскиот оддел, а доколку постои спреченост на сите судии од граѓанскиот оддел, автоматската распределба ќе се направи со вклучување на сите судии од кривичниот оддел.

Во случај на спреченост за постапување на Претседателот на судот, ново заведен предмет од уписникот ППНИ кој согласно закон спаѓа во надлежност за постапување и одлучување на Претседателот на судот и од уписникот ИДС, ќе биде распределен на постапување и одлучување на Заменикот на Претседателот на судот.

**8.5.** По предмети заведени во уписникот ЗАМ-С, ЗАВ и ЗАВ-1, ќе постапуваат сите судии од граѓански оддел.

**8.6.** По предмети заведени во уписникот ИЗС (кој во ОС Штип се води за предмети од уписникот СН-семејно насилство) и ПСО, ќе постапува судија Мери Гичева.

**8.7.** По предмети заведени во уписниците ПЛ1-П, МАЛВПЛ1-П, ПЛ-ТС, ПЛ1-ТС, ПЛПОВ, РПЛ, ПЛЖ и МАЛВПЛ1-ТС ќе постапува судија Тодор Поп-Панев.

**8.8.** По предмети заведени во уписниците ТС, ТС-1, ТС-ПОВ, МВТСПОВ, МАЛВТС, РТС ќе постапуваат судиите Маја Џорлева и Александар Цацков.

**8.9.** По предмети заведени во уписниците СТ, СТС, СТ-ТС, Л, РПП,

РВЗРГ, СТ-РО, СТ-ПЛ1-ТС, СТ-ПЛ-П, СТ-П1, СТ-П4, СТ-МАЛВТС, СТ-МАЛВП ќе постапува судијата Емил Пилатов.

Претседател на стечаен совет и членови на истиот, доколку е потребно, ќе определува претседателот на ОС Штип со одлука, а ќе се определуваат со одлуката соодветно согласно распоредот за членови на кривичен совет од граѓански оддел даден во овој распоред.

**8.10.** По предмети заведени во уписниците РО, РО-ПОВ, РРО ќе постапуваат судиите Емил Пилатов, Маја Џорлева и Тодор Поп-Панев.

**9.**Доколку постои спреченост на судија од граѓанскиот оддел да постапува како судија по предмет согласно горе наведениот распоред, предметот ќе се распредели со автоматска прераспределба на предмети во АКМИС системот согласно овој распоред, следствено најпрвин според уписник, а доколку тоа не е можно, по оддел, а доколку постои спреченост на сите судии одод граѓанскиот оддел, автоматската распределба на предметот во АКМИС системот ќе се направи со тоа што во неа ќе бидат вклучени сите судии на кривичниот оддел.

**10.** По започнатите предмети од сите горе наведени уписници во овој распоред, освен оние за кои е пропишано друго со овој распоред, ќе постапуваат судиите кои и до сега постапувале по тие предмети, без оглед дали со овој распоред постапуваат по соодветните уписници во кои се водат такви предмети.

**11.** Распоредот на земањето на предметите во работа, насрочувањето и изготвувањето на одлуките да се изврши согласно процесните закони, Законот за управување со движењето на предметите во судовите и Судскиот деловник и истиот да се почитува во сите фази на постапување.

**12.** По предмети заведени во уписниците РВПП, ЗАВ-С, ЗАВ-Х ќе постапува судија Александар Цацков.

При отсуство или спреченост на судијата Александар Цацков, потписник на уверенија и заверки од уписниците РВПП и ЗАВ-С ќе биде раководителот на граѓански оддел, а во отсуство на раководителот на одделот или негова спреченост потписници ќе бидат следствено судиите од граѓански оддел согласно распоредот за работа за 2024 год.

При отсуство или спреченост на судијата Марина Здравкова, потписник на уверенија од кривична и казнена евиденција од уписникот КР ќе биде судија Олгица Павловска, а во отсуство на судија Олгица Павловска или нејзина спреченост потписници ќе бидат следствено судиите од кривичен оддел согласно распоредот за работа за 2024 год.

При отсуство или спреченост на судијата Александар Цацков, претседателот на граѓански оддел, судиите Емил Пилатов и Анита Јорданова ќе бидат потписници на апостиле печатот од уписникот Зав-Х.

**13.** За одговорно лице за односи со јавност се определува Катерина Ѓуркова, стручен соработник во Основен суд Штип.

**14.** Одговорно лице за судската библиотека е Катица Нацева, технички

секретар на Претседателот на судот.

**15.** Распоредот и работата на судската полиција ќе се определува врз основа на месечни планови за работа изготвени од судската полиција, а дозволена, контролирана и потврдена од страна на претседателот на судот.

**16.** Распоредот на стручните соработници и технички секретари на судиите ќе се изврши со посебни одлуки на Судскиот администратор, како и распоредот на канцелариите.

**17.** По предметите во кои одлуките ќе бидат укинати од повисоките судови ќе постапува судијата што ја донел одлуката, без оглед што со новата автоматска распределба укинатите предмети ќе добијат нов број во АКМИС, доколку тоа е согласно закон и Судскиот деловник.

**18.** Распределба на предмети ќе се врши електронски со автоматска распределба во АКМИС системот во кривичната и граѓанската писарница.

**19.** За време кога судовите не работат согласно Законот за судовите – судска ферија, судијата кој е дежурен ќе постапува по сите итни предмети согласно Законот за судовите и овој распоред.

Распределбата на овие предмети, за време кога судот не работи согласно Законот за судови, по потреба наместо автоматски може да се врши и рачно, а за кое нешто информатичарот ќе го прилагоди АКМИСОТ системот.

**20.** Годишниот распоред за работа на Основниот суд во Штип за 2024 година во текот на годината може да се измени и дополни доколку има потреба.

Секој судија, со одлука на Претседателот на судот донесена врз основа на закон и Судскиот деловник, во определени случаи со закон и Судскиот деловник, по претходно прибавено мислење од седница на судии, може да добие во работа и предмети од уписници по кои не е распределен со овој распоред.

Овој распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Основниот суд во Штип за 2024 година ќе се применува од 01.01.2024 година, а предметите кои се веќе распределени кај судиите на постапување претходно, ќе ги завршат судиите кои постапуваат по истите, без оглед на овој распоред, освен оние за кои со овој распоред е пропишано дека ќе постапува друг судија.

Претседател на ОС Штип,
Ацо Тасев

Да се достави до:

- судиите (по електронски пат и лично), судскиот администратор, информатичарот и водителите на судските писарници
- Апелационен суд-Штип
- Судски совет на РСМ- Скопје
- Архива на СУ уписник на ОС Штип
- Да се објави на интернет – страната на ОС Штип